ИИ638

ПУЛС, 2 јули 1998 389.52,53.

РАЗГОВОР

## Вељо Ташовски - академски сликар

# Едноставна, јасна и прецизна опсервација

***Од 22 јуни до 3 јули во Студенскиот културен центар во Белград беше отворена изложба на академскиот сликар Вељо Ташовски. Ташовски изложи серија дела под заеднички наслов „Слики", настанати во периодот од 1992 до 1998 година***

**ПУЛС: Вие секогаш на проблемот - простор во делото му давате посебно значење. Зошто токму просторот ве окупира?**

**ТАШОВСКИ:** Уште по завршувањето на Академијата за ликовна уметност и постипломските студии во Љубљана, почнав да работам на асоцијативната апстракција. Тоа до денеска остана во моите дела, но апстракцијата сé помалку е асоцијативна. Многу одамна почнав да се занимавам со проблемот простор во сликарството - како вечен проблем (и ликовен и животен), на еден малку невообичаен начин. Ликовните елементи ги комбинирав низ процесот на создавање, строго ги распоредив во една целина во која суштинска улога имаат двата основни плана, транспарентноста и илузијата на просторноста. На насликаното грундирано платно најчесто ставам свила која е исто така насликана и на одредни места перфорирана. На тој начин визуелното и тактилното поле на сликата се во тесно содејство и во функцијата на креирањето целина која има прочистена форма и обележје. Во своите дела ја користам и мрежата. Всушност, преку цртежот со геометриски сегменти мрежата ја покрива целата површина на сликата, а вториот план е осмислен со помеки растворени контури кои најчесто потсетуваат на некои мотиви од природата или од урбаната средина. Линиите, точките и површината се ликовни средства со кои всушност сакам да постигнам едноставна, јасна и прецизна опсервација комбинирана со специфично разрешување на сликовниот простор со што ја поместувам лимитирачката димензија на објективноста. Уште нешто за мрежата: неа ја користам како елемент низ кој можеме да гледаме во просторот. Во моите слики цртежот е носечки на делото, додека палетата, мислам на колоритот, тој е подреден на главната идеја за просторот кој во суштина не е дефиниран, нема крај, ниту лево - десно, ниту горе или пак долу, ниту во длабочина. Тоа е всушност илузионистички простор. Јас во моите дела гледам еден простор кој никаде не завршува, тој е сферичен, а во суштина е плиток. Во своите дела всушност секогаш ги испробувам ефектите на насликаните делови и природните фактури на готовите материјали со навестување на елементите на дводимензионалната слика.



**ПУЛС: Зошто на сегашната ваша изложба ѝ го дадовте насловот „Слики„?**

**ТАШОВСКИ:** На изложбата во Студентскиот културен центар - Белград на публиката ѝ се претставив со 21 слика. Дел од овие слики веќе се покажани* пред македонската публика. Направив избор на слики од мојот ликовен период од 1992 година до 1998 година. Во овие дела проблемот што го обработувам е истиот, со тоа што во последните слики таа мрежа што повеќепати ја спомнувам - тој геометризам, не е веќе носечки елемент на сликата, туку тој само потпира едни други форми кои се поприродни, земени од природата, кои слободно лебдат во просторот. Тие не се со конкретен облак, нешто што е препознатливо од природата, туку тие асоцираат на нешто од природата, не се дефинирани, повеќе се слободни форми кои лебдат.

**ПУЛС: Вашето идно творештво?**

**ТАШОВСКИ:** Јас насетувам дека во најновите мои слики нешто ќе се менува. Дали тоа ќе биде наеднаш или постепено, не знам. Колку ќе трае тој преоден период, пак не знам. Едноставно, таа промена нема да биде надвор од мене. Не можам да си кажам самиот себе - промени се, или ее сега морам да променам нешто во моето творештво, но сепак чувствувам дека ќе се промени. Тоа нема да биде со некој драстичен „рез", веројатно ќе има некакво благо напуштање на некои ликовни елементи кои досега се повторувале во моите дела. Сè уште мислам дека апстракцијата ќе биде таа што ќе доминира, но може да премине и во некое фигуративно сликарство, многу препознатливо.

В. Велкова